Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Охрид и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за вклопување на предлог-идеи на програми, проекти и активности од областа на културата од јавен интерес на Општина Охрид по Јавен повик, Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Охрид објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за поднесување предлог-програми, проекти и активности од јавен интерес во областа на културата за 2027 година

Програмска линија „Културата расте со децата“
За деца од 3 до 12 години

I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Општина Охрид го распишува овој јавен повик за прибирање, разгледување и оценување на предлог-програми, проекти и активности од јавен интерес во областа на културата, наменети за деца од 3 до 12 години. Активностите се реализираат на територијата на Општина Охрид.

Предлозите ќе бидат земени предвид при подготовката на Програмата за култура на Општина Охрид за 2027 година, во рамките на програмската линија „Културата расте со децата“, и при планирањето на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

II. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Целта на повикот е да се збогати културната понуда за децата во Општина Охрид со квалитетни, безбедни и достапни содржини, приспособени на нивната возраст.

Се поттикнуваат проекти што им овозможуваат на децата активно да учествуваат во културниот живот, да творат, да развиваат навики за читање и да се запознаваат со локалната традиција и културното наследство. Особено се поттикнуваат проекти што обезбедуваат еднаков пристап и применуваат интерактивни пристапи во работата со деца.

Предлозите треба да содржат јасно определени цели, целна група, активности, очекувани резултати, временска рамка, мерливи показатели и реален и оправдан буџет.

III. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на Јавниот повик имаат:

1. **здруженија и фондации** – кои реализираат активности од областа на културата, уметноста, образованието и работата со деца;
2. **културни, образовни и уметнички организации и други правни лица** – кои имаат соодветни програмски и организациски капацитети за реализација на проекти наменети за деца;
3. **физички лица** —со живеалиште на подрачјето на општина Охрид како и автори, уметници, педагози, едукатори и културни работници – кои имаат соодветно искуство, знаење или компетенции за реализација на активности наменети за деца

Апликантите кои немаат седиште, односно живеалиште на територијата на Општина Охрид, можат да учествуваат на Јавниот повик под услов проектот да се реализира на територијата на Општина Охрид и да обезбедат соработка со локален партнер со седиште, односно живеалиште на територијата на Општина Охрид.

Соработката со локалниот партнер се докажува со изјава, писмо за соработка, договор или друг соодветен документ од кој јасно произлегува учеството на локалниот партнер во реализацијата на проектот.

Еден апликант може да поднесе повеќе проектни предлози, при што секој проектен предлог се разгледува и оценува поединечно.

Апликантот е должен да достави точни и проверливи податоци и да нема неисполнети договорни обврски кон Општина Охрид од претходно финансирани проекти. Малолетен апликант мора да има навршено 16 години на денот на поднесување на пријавата и да достави писмена согласност од родител или законски старател.

Со поднесувањето на пријавата, апликантот се согласува, доколку неговиот предлог биде избран за реализација, активноста да се одржи во редовниот програмски термин – секој петок, согласно календарот на настани и во координација со Одделението за култура на Општина Охрид. При поголем број избрани настани, одделението може да утврди уште еден програмски ден во неделата, за што ќе следува официјална објава на Општина Охрид.

IV. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

За разгледување и можно вклопување во Програмата за култура може да се предложат програми, проекти и активности од една или повеќе од следните области:

1. **Детска култура и уметност** – музика, театар, танц, ликовна и визуелна уметност, куклен театар и други сценски и уметнички форми приспособени за деца;
2. **Креативни, едукативни и интерактивни работилници** – насочени кон развој на креативноста, моторните вештини, уметничкиот и јазичниот израз;
3. **Книжевност за деца и поттикнување на читачката култура** – промоции на книги, читања, раскажувачки активности, средби со автори и илустратори;
4. **Фолклор, традиција и нематеријално културно наследство** – преку едукативни и креативни содржини кои го негуваат локалниот идентитет и културните вредности;
5. **Интердисциплинарни и иновативни културно-образовни програми** – кои поврзуваат уметност, култура, образование и современи креативни практики;
6. **Детски манифестации, настани и фестивали** – со културно-уметничка, едукативна и промотивна содржина наменета за поширока детска публика.

Во рамките на наведените области може да се предложат и проекти што вклучуваат анимација, филм, фотографија, дигитална илустрација, мултимедијални содржини, драмски игри и интерактивни претстави приспособени на возраста на децата.

При оценувањето на предлозите, оригиналноста, уметничкиот и едукативниот квалитет, интерактивноста, инклузивноста, соодветноста на возраста и активното учество на децата се разгледуваат исклучиво во рамките на утврдените критериуми за оценување и бодирање, без дополнителни бодови.

V. НЕПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ

За вклопување во Програмата за култура не се прифаќаат предлози:

- со исклучиво комерцијален, маркетиншки или промотивен карактер, без јасно изразена културна, едукативна или уметничка содржина;
- кои немаат едукативна, воспитна, културна или уметничка компонента;

- кои не се наменети или соодветно приспособени на целната група деца;
- со политичка, партиска или религиска пропагандна содржина;
- кои промовираат говор на омраза, дискриминација, насилство или содржини несоодветни за деца;
- кои немаат јасна програмска структура, развојна компонента или образложен концепт;
- кои не се реализираат на територијата на Општина Охрид;
- кои претставуваат редовна програмска дејност на институции финансирана од други извори, без јасно образложена додадена вредност;
- кои се веќе финансирани или се планирани за финансирање од други јавни извори за истата намена;
- кои не се во согласност со целите, приоритетите и јавниот интерес утврдени со овој Јавен повик.

VI. НАЧИН НА РАЗГЛЕДУВАЊЕ И ВКЛОПУВАЊЕ НА ПРЕДЛОЗИТЕ

Комисијата ги разгледува предлозите според нивната усогласеност со целите и приоритетите на програмската линија „Културата расте со децата“ во Програмата за култура на Општина Охрид за 2027 година.

При разгледувањето се земаат предвид квалитетот и јавниот интерес на предлогот, содржината и изводливоста на активностите, вкупната вредност, сопствените и другите извори на средства и предложеното учество на Општина Охрид.

Доколку Општина Охрид одобри средства, хонорарите што се покриваат од тие средства може да изнесуваат најмногу 30% од одобрениот износ.

Општина Охрид може да учествува во кофинансирањето и реализацијата на избраните предлози во рамките на своите програмски и буџетски можности.

VII. КОМИСИЈА И АДМИНИСТРАТИВНА ПРОВЕРКА

Постапката ја спроведува петчлена Комисија формирана од градоначалникот на Општина Охрид. По истекот на рокот за пријавување, претседателот свикува седница на која Комисијата ги разгледува пристигнатите пријави и врши административна проверка.

При административната проверка Комисијата утврдува дали

- **пријавата е доставена во рок и на начин утврден со јавниот повик**
- **апликантот ги исполнува условите за учество**
- **пријавата е целосно пополнета и потпишана**
- **е приложена задолжителната документација**
- **проектот е наменет за деца од 3 до 12 години**
- **предложените активности се во рамките на приоритетните области и се реализираат на територијата на Општина Охрид**
- **се исполнети другите административни услови од Правилникот и од јавниот повик.**

Комисијата може да побара техничко појаснување или дополнување во рок што таа ќе го определи. Оваа можност се однесува на податоци и документи од технички карактер што се надвор од задолжителната документација за утврдување на подобноста и немаат влијание врз оценувањето и бодирањето.

При дополнувањето, апликантот ги задржува проектната идеја, активностите, целната група, побараниот износ, финансиската конструкција и другите елементи што се предмет на оценување.

Комисијата го внесува резултатот од административната проверка во записник. Таа ги известува подносителите на пријави што се ненавремени, нецелосни или не ги исполнуваат условите. На оценување и бодирање се упатуваат само навремените, комплетните и административно подобните пријави.

Член на Комисијата кој има судир на интереси го пријавува и се изземa од постапувањето по конкретната пријава. Комисијата го евидентира изземањето во записникот.

VIII. КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ И БОДОВНА ЛИСТА

Комисијата стручно и квалитативно го оценува секој проект што ја поминал административната проверка. За секој од шесте критериуми Комисијата доделува бодови до максимумот наведен во бодовната листа. Вкупниот резултат е збирот на освоените бодови по сите критериуми и изнесува најмногу 100 бодови.

Р.б.	**Критериум**	**Макс. бодови**
1.	**Усогласеност со целите на повикот** Поврзаност на проектот со целите на повикот, приоритетните области и целната група.	20
2.	**Квалитет и јасност на проектната идеја, иновативност и одржливост** Јасност на целите, активностите, пристапот и очекуваните резултати. Се ценат креативноста и можноста ефектите да продолжат или да се надградат.	20
3.	**Влијание и значење за децата** Очекувана корист за децата, број и опфат на учесниците, пристапност, инклузивност, соодветност на возраста и безбедност.	20
4.	**Реалност и оправданост на буџетот** Оправданост на трошоците, нивна поврзаност со активностите и сооднос меѓу планираните средства и очекуваните резултати.	15
5.	**Капацитет и искуство на апликантот** Релевантно искуство, референци, стручност на тимот, организациски капацитет и партнерства.	15
6.	**Изводливост и организација на реализацијата** Реален распоред, јасна распределба на одговорностите и можност за реализација во предвидениот рок со планираните ресурси.	10
	ВКУПНО	**100**

IX. РАНГИРАЊЕ И ПРЕДЛОГ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

За да може да биде предложен за финансиска поддршка, проектот треба да освои најмалку 60 од вкупно 100 бодови.

По бодирањето, Комисијата ги рангира проектите што го достигнале минималниот праг, според бројот на освоени бодови, од највисок кон најнизок резултат.

Врз основа на ранг-листата, Комисијата подготвува предлог за финансиска поддршка. За секој предложен проект во предлогот ги наведува називот на апликантот и на проектот, освоените бодови, побараниот и предложениот износ.

При утврдувањето на предлогот, Комисијата ги зема предвид освоените бодови, квалитетот и содржината на проектите, нивното значење и очекувано влијание врз децата, разновидноста на програмските содржини, бројот и квалитетот на пристигнатите предлози и расположливите средства.

Комисијата може да предложи поддршка за еден или повеќе проекти од ист апликант. Секој од предложените проекти треба поединечно да ги исполни условите и минималниот праг. Комисијата го образложува предлогот во записникот.

X. ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ ПРИ ОЦЕНУВАЊЕТО

Проектите мора да бидат соодветни на возраста на целната група и да обезбедуваат безбедни и соодветни услови за учество на децата во сите планирани активности.

За да биде предложен за финансиска поддршка, проектот мора да ги исполнува условите за безбедност и соодветност на возраста, независно од освоените бодови.

При оценувањето особено се земаат предвид:

- стручноста и искуството во работа со деца;
- пристапноста и можноста за активно учество на децата;
- инклузивноста и еднаквиот пристап;
- културната, образовната и развојната вредност;
- поттикнувањето на креативноста и создавањето културни навики.

Овие околности не претставуваат посебни критериуми за дополнително бодирање, туку се ценат во рамки на критериумите утврдени со овој Јавен повик.

XI. ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Апликантот, во зависност од својот статус, со пријавата ја доставува следната документација:

А. За правни лица:

1. уредно и целосно пополнета и потпишана пријава за учество, со проектен предлог и финансиски план;
2. тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци;
3. потврда за активна трансакциска сметка, не постара од 6 (шест) месеци;
4. листа на релевантни референци и реализирани проекти во последните 3 (три) години;
5. изјава на апликантот, согласно образецот кој е составен дел на Јавниот повик;
6. доказ за соработка со локален партнер, доколку апликантот нема седиште на територијата на Општина Охрид.

Б. За физички лица:

1. уредно и целосно пополнета и потпишана пријава за учество, со проектен предлог и финансиски план;
2. кратка биографија (CV) со податоци за релевантното искуство, знаење и компетенции;
3. податоци и/или документ за лична идентификација, согласно образецот за пријавување;
4. податоци или доказ за трансакциска сметка;

5. изјава на апликантот, согласно образецот кој е составен дел на Јавниот повик;
6. доказ за соработка со локален партнер, доколку апликантот нема живеалиште на територијата на Општина Охрид.

В. Дополнителна документација

За малолетен апликант се доставуваат согласност од родител или законски старател (Прилог В), како и податоци и потпис на законскиот застапник.

- Со јавниот повик се објавуваат Пријавата за учество (Прилог А), образецот за наративен и финансиски извештај (Прилог Б) и согласноста од родител или законски старател (Прилог В).

  Во финансискиот план се прикажуваат вкупната вредност на проектот, побараниот износ од Општина Охрид и сопствените и другите извори на средства, доколку ги има.

XII. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Апликациите се доставуваат во затворен плик со назнака:

„ЗА ЈАВЕН ПОВИК – КУЛТУРАТА РАСТЕ СО ДЕЦАТА 2027“

Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид

Апликациите може да се достават лично преку Архивата на Општина Охрид или по пошта.

Јавниот повик трае најдоцна до 30.11.2026г., до 15:00 часот.

Се разгледуваат пријавите доставени во рок, на утврдениот начин и со задолжителната документација.

XIII. ОДЛУЧУВАЊЕ, ОБЈАВУВАЊЕ И ДОГОВАРАЊЕ

По завршувањето на постапката, Комисијата подготвува извештај за административната проверка, оценувањето и бодирањето, утврдената ранг-листа и предложената распределба на средствата. Претседателот на Комисијата го потпишува предлогот и го доставува до градоначалникот, заедно со извештајот, предлог-решението и придружната документација.

Предлогот на Комисијата се зема предвид при подготовката на Програмата за култура и планирањето на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Градоначалникот на Општина Охрид донесува решение за избор врз основа на предлогот на Комисијата. Конечната финансиска поддршка и нејзиниот износ зависат од средствата обезбедени во усвоената Програма за култура и во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Резултатите се објавуваат на официјалната веб-страница на Општина Охрид. Објавата содржи листа на избрани проекти со назив на апликантот и одобрениот износ, како и листа на неизбрани проекти, со почитување на прописите за заштита на личните податоци.

По усвојувањето на Програмата за култура и на Буџетот за 2027 година и по обезбедувањето на средствата, градоначалникот, во име на Општина Охрид, склучува договор со секој избран корисник на финансиска поддршка.

Со договорот се утврдуваат одобрениот износ, роковите за реализација, условите за исплата и обврските за известување. Општина Охрид исплаќа 50% по склучувањето на договорот

и исполнувањето на условите за првата исплата, а преостанатите 50% по реализацијата на проектот и одобрувањето на наративниот и финансискиот извештај.

XIV. ПЛАНИРАЊЕ, РЕАЛИЗАЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ

Избраните корисници ги реализираат проектите согласно одобрените предлози, усогласените финансиски планови и склучените договори.

Одделението за култура, во договор со секој избран корисник, ги утврдува датумот, времето и местото на активностите и ги внесува во календарот на настани. Редовниот програмски ден е петок. Ако бројот на избрани активности го налага тоа, Одделението може да определи дополнителен ден во неделата, за кој Општина Охрид ќе ја извести јавноста.

Корисникот е должен да обезбеди безбедни услови за учество на децата и да ги приспособи содржините и начинот на работа на нивната возраст.

Кога е потребна промена на рокот, местото, динамиката, активностите или финансискиот план, корисникот доставува образложено писмено барање до Општина Охрид пред да ја спроведе промената. Промената може да се спроведе по писмено одобрение од Општината, со зачувување на целта, квалитетот, безбедноста и очекуваните резултати од проектот, во рамките на одобрениот износ.

Одделението за култура го следи спроведувањето на проектите преку комуникација со корисниците, увид во документацијата и следење на активностите. Општина Охрид може да побара дополнителни докази за реализираните активности и за наменското користење на средствата.

По завршувањето на проектот, корисникот доставува наративен и финансиски извештај на образецот од Прилог Б, со соодветни докази за реализираните активности и трошоците, во рокот утврден со договорот. Извештаите и документацијата ги проверува комисија формирана од градоначалникот.

XV. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Апликантот има право да побара образложение за резултатот и да поднесе приговор за административната проверка, примената на критериумите или пресметката на бодовите.

Рокот за поднесување приговор изнесува 7 (седум) дена, сметано од наредниот ден по објавувањето на резултатите на официјалната веб-страница на Општина Охрид.

XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Апликантот е одговорен за точноста и веродостојноста на податоците наведени во апликацијата и доставената документација.

Општина Охрид може да го поништи јавниот повик во случаите утврдени во член 52 од Правилникот.

Предлогот за поништување го утврдува Комисијата со писмено образложение и го доставува до Градоначалникот на Општина Охрид за донесување одлука.

Одлуката за поништување, заедно со образложението, се објавува на официјалната веб-страница на Општина Охрид во рок од 5 (пет) работни дена од нејзиното донесување.

За прашањата кои не се посебно уредени со овој Јавен повик се применуваат одредбите од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за вклопување на предлог-идеи на програми, проекти и активности од областа на културата од јавен интерес на Општина Охрид по Јавен повик.

КОМИСИЈА

формирана од градоначалникот на Општина Охрид

_____